Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 14 -12- 2022 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 2110/9 | | |


# Извештај и одлука

- на Комисијата за награден конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за есеј на зададена тема, 2022 год -

ННС, на својата 78 седница, одржана на **26 октомври 2022** г, како членови на комисијата за награден конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за есеј на зададена тема (во тековната 2022 год) едногласно ги избра: д-р Елизабета Шелева (претседател), д-р Лидија Танушевска, д-р Мирлинда Крифца, д-р Бојан Петревски, м-р Иван Антоновски .

Комисијата се состана во полн состав на **10 ноември 2022** г (со исклучок на д-р Бојан Петревски, кој најави отсуство, поради замена на часовите од Деканката, но благовремено ги упати и испрати своите предлог-теми).

Во текот на првата работна средба, Комисијата ги разгледа пристигнатите тематски предлози и наслови, а потоа се отвори плодна дискусија, која траеше повеќе од еден час. Комисијата, на крајот, ги усвои следните пет теми за 2022 година,:

1. Расчекорот меѓу традицијата и иновацијата во јазикотворството
2. Блаже Конески и македонската култура во 21 век
3. Преводот како ковачница на јазикот
4. Горан Стефановски: меѓу „Дивиот Исток“ наспрема „питомиот“ Запад
5. Книжевноста во медиумски егзил

По завршувањето на конкурсот - на **9 декември 2022** г. (петок) до членовите на Комисијата, беа доставени вкупно **6 (анонимни) трудови**.

На својата работна средба, одржана на **13 декемри 2022** г (вторник), со почеток во 13 часот – Комисијата ги разгледа студентските есеи, при што констатира, дека три трудови се однесуваат на првата зададена тема „Расчекорот меѓу традицијата и иновацијата во јазикотворството“, еден труд е посветен на темата „Преводот како

ковачница на јазикот", додека, во останатите два есеи, како тема фигурира „Блаже Конески и македонската култура во 21 век".

Во принципиелната расправа, која се отвори потоа, комисијата заклучи, дека квалитетот на трудовите, за жал, не соодветствува на очекуваното (и задоволително) ниво. Квалитетот на трудовите, пристигнати на овој конкурс, во ниеден случај, не дава објективна слика и претстава за нивото на студентските креативни дострели, кои се осознаени и верификувани преку позитивните искуства и впечатоци во текот на наставата и резултатите од испитите, за кои сведочат членовите на комисијата како професори,

Со оглед на споредбените увиди, што ги предочија членовите на комисијата, оваа состојба, за жал, не е нова, ниту е исклучиво последица на пандемиската криза, поради што беа посочени следните практични предлози и конкретни насоки, со цел надминување на незавидната и неповолна резултанта од наградниот конкурс.

1. Очигледно е, дека на овој конкурс не се јавуваат најдобрите студенти, што веројатно е последица на краткото време, кусиот рок, што го имаат студентите за квалитетна подготовка и навремена изработка на темите. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Деканатот, овој награден конкурс да биде распишан **порано**, на самиот почеток од академската година, во месец октомври.
2. Со цел да се избегнат крупните пропусти, недопустливите терминолошки и реторички грешки при изработката на наградниот есеј, препорачуваме да се предвиди подготвително **менторство**.
3. Во иднина, заедно со понудените теми/наслови на наградниот конкурс, да биде приложено и кусо **образложение**, што ќе ги посочи главните, теориско-методолошки и херменевтички насоки и пунктови при изработката на есејот

Во текот на плодната расправа, која траеше еден час, Комисијата како општ заклучок го истакна слабиот квалитет на пристигнатите трудови и непостоењето соодветен материјал за избор како клучен хендикеп. За разлика од порано, во оваа прилика, не се издвои посебно ниту еден од трудовите, додека општиот впечаток на

Комисијата е дека во нив се забележува отсуство на кохерентност, доследност, логичка аргументација, незграпни реторички и фразеолошки решенија.

Со оглед на сите, аргументирано изложени и заемно споделени, вредносни принципи и критериуми, членовите на Комисијата (со исклучок на проф. д-р М.Крифца, која најави отсуство поради неодложни наставни обврски), едногласно донесоа одлука – поради несоодветното ниво на трудовите, на наградниот конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески" за есеј на зададена тема – оваа година да НЕ биде доделена ниту една награда (во спротивно, постои ризик од девалвирање на нивото и високата репутација, што ја ужива оваа награда, како и Филолошкиот факултет „Блаже Конески").

Скопје,

13 декември 2022

Со почит,

Проф. д-р Елизабета Шелева

проф. д-р Лидија Танушевска

проф. Мирлинда Крифца Беќири

доц. д-р Бојан Петревски

асс. м-р Иван Антоновски